**20221221680**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 15 став (1) од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и 151/21) и член 27-а став 3 од Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/01, 98/02, 9/03, 47/03, 64/03, 67/03, 51/06, 5/07, 15/07, 26/07, 30/07, 58/07, 105/07, 116/07, 129/07, 157/07, 29/08, 51/08, 86/08, 144/08, 42/09, 62/09, 141/09, 162/09, 40/10, 83/10, 166/10, 172/10, 95/11, 151/11, 170/11, 67/13,145/14, 62/15, 41/16, 153/16 и 113/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија 228/19, 72/20, 215/20, 309/20, 41/21, 56/21 и 70/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 25 мај 2022 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТРАТЕШКИТЕ ПРИОРИТЕТИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2023 ГОДИНА

Член 1

За стратешки приоритети во 2023 година се утврдуваат:

- обезбедување забрзан, одржлив и инклузивен економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните;
- унапредување на енергетската транзиција, инвестирање во енергетска ефикасност и зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени;
- справување со последиците од светската пандемија предизвикана од КОВИД – 19 и други кризи;
- успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија;
- унапредување на одбранбената политика во функција на развојот, независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и колективната безбедност;
- обезбедување на владеење на правото и независност на правосудството;
- подигнување на квалитетот на образованието достапно за сите, согласно побарувачката на пазарот на трудот, развој и унапредување на културата и спортот;
- професионална и ефикасна јавна администрација, поддржана со интензивна дигитализација, оптимална структура и иновативни процеси и техники и
- целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор, градење на граѓанска држава со етничка и социјална кохезија, врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување.

Приоритетите од став 1 на овој член, имаат еднакво значење.

Член 2

За остварување на стратешкиот приоритет од член 1 став 1 алинеја 1 од оваа одлука, се утврдуваат следните цели:

- задржување на финансиската и макроекономска стабилност и зголемување на конкурентноста на економијата;
- фискална одржливост и консолидација на јавните финансии, поддршка на економијата и инвестирање во инфраструктурни проекти;
- одржување на солиден економски раст, ефикасна распределба, транспарентност и отчетност на јавните ресурси;
- предвидлив, ефикасен и праведен даночен систем и зголемување на наплатата на јавните приходи;
- реформи во јавните финансии, подобрување на макроекономската и фискалната рамка, економски анализи, зајакнување на процесот на планирање, извршување и известување за јавните финансии;

- зајакнување на внатрешната и надворешната контрола, зголемување на транспарентноста и отчетноста во работењето на централно и локално ниво;
- унапредување на фискалната децентрализација, фискалниот капацитет и финансиската дисциплина, транспарентноста и отчетноста на општините;
- намалување на сивата економија и поттикнување на приватната иницијатива и инвестициите;
- воведување на буџетското финансирање во пилот институции по принципот на исполнување на развојните индикатори (СМАРТ - клучни перформансни индикатори);
- воведување на секторски пристап, паметна специјализација и развивање на Национална стратегија за развој 2021-2041 врз принципите на одржлива циркуларна економија и европските стандарди;
- унапредување на бизнис опкружувањето и создавање амбиент за динамичен и конкурентен бизнис, ослободен од политички влијанија;
- унапредување на напредокот на компаниите, нивната конкурентност на пазарот и дигитализација на бизнисите;
- поддршка и развој на одржливи конкурентни микро, мали и средни претпријатија, унапредување на занетчиството, претприемништвото и иновациите;
- унапредување на туризмот, угостителтвото и меѓународната туристичка соработка;
- унапредување и олеснување на инвестициската клима и интернационализацијата на бизнисите;
- подобрување на инфраструктурата во патниот, железничкиот, воздушниот сообраќај и внатрешната пловидба;
- ревитализација на економската дипломатија, унапредување на билатералните односи со европските и воневропските држави и соработката со дијаспората на економски план;
- намалување на разликите во развојот меѓу и во планските региони и зголемување на нивната конкурентна способност;
- унапредување на системот на локалната самоуправа, продолжување на процесот на децентрализација на власта, подобрување на локалните јавни услуги, нивната транспарентност и отчетност;
- креирање на одржливо и конкурентно земјоделско производство, прилагодливо на глобалните климатски промени и заедничката земјоделска политика на Европската Унија;
- поттикнување на вработувањето и социјалната вклученост на младите земјоделци, олеснување на земјоделските и неземјоделските бизниси;
- зголемување на шумскиот фонд во Република Северна Македонија и поквалитетно чување на шумите и
- обезбедување доволни количини квалитетна и безбедна храна за потребите на домашните потрошувачи.

За остварување на стратешкиот приоритет од член 1 став 1 алинеја 2 од оваа одлука, се утврдуваат следните цели:

- зголемување на учеството на обновливите извори на енергија, подобрување на енергетската ефикасност;
- вложување во зелена економија и креирање на зелени работни места;
- подобрување на квалитетот на медиумите во животната средина, управување со водите и отпадот;
- подобрување на квалитетот на хуманото планирање, уредување и одржливо искористување на просторот и
- зајакнување на контролата и спречување на недозволена трговија со радиоактивни материјали.

За остварување на стратешкиот приоритет од член 1 став 1 алинеја 3 од оваа одлука, се утврдуваат следните цели:

- обезбедување сеопфатна поддршка на граѓаните и деловните субјекти за надминување на последиците од КОВИД-19, постковид оправување и надминување на последиците од други кризи;
- обезбедување на квалитетен и интегриран, ефикасен и долгорочно финансиски одржлив здравствен систем;
- модернизација и унапредување на здравствениот сектор, достапни здравствени услуги на сите нивоа и следење на здравствениот статус на населението и
- опремување на сите одделенија за интензивна нега со современа опрема.

За остварување на стратешкиот приоритет од член 1 став 1 алинеја 4 од оваа одлука, се утврдуваат следните цели:

- квалитетно управување и координација со структурите во процесот на пристапување во Европската Унија;
- одржување на мотивирана и ефикасна структура за преговори и спроведување на европските фондови;
- ефикасно користење на пристапната помош од Европската Унија и зајакнување на системот за финансиско управување преку доставување на квалитетна тендерска документација во рамките на ИПА 3;
- квалитетна подготовка на националната верзија на правото на Европската Унија (acquis).
- заштита на финансиските интереси на Европската Унија и националните финансиски интереси и борба против неправилности и измами;
- усогласување на домашното законодавство со законодавството на Европската Унија и
- зајакнување на соработката со граѓанскиот сектор и создавање услови за негово активно вклучување во креирањето на политики.

За остварување на стратешкиот приоритет од член 1 став 1 алинеја 5 од оваа одлука, се утврдуваат следните цели:

- унапредување на националните одбранбени капацитети и способности и исполнување на обврските од членството во НАТО;
- давање на придонес кон меѓународните напори за изградба и чување на мирот;
- зајакнување на позицијата на Република Северна Македонија на меѓународен план, развој на билатералните, регионалните и мултилатералните односи со членките на НАТО;
- зајакнување на националните одбранбени капацитети од хибридни закани;
- јакнење на капацитетите и способностите на националниот систем за управување со кризи во областа на превенција, рано предупредување и справување и
- успешно претседавање на Република Северна Македонија со Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) во 2023 година.

За остварување на стратешкиот приоритет од член 1 став 1 алинеја 6 од оваа одлука, се утврдуваат следните цели:

- унапредување на родовата еднаквост и заштита на жените од сите форми на родово базирано насилство.
- обезбедување на владеење на правото, еднакви можности и недискриминација и развивање на систем на правда кој ефикасно ги штити човековите слободи, права и заедничкиот систем на вредности;
- создавање услови за независно, департизирано и ефикасно судство;
- одлучна и неселективна борба против организираниот криминал и корупцијата;
- спречување на прекуграничниот криминал, илегалната миграција, контрола на реадмисијата и остварување на правото на азил;
- соработка и воспоставување на заеднички стандарди, нови технологии и мерки за сајбер безбедност и

- креирање на системски политики за добро владеење и јакнење на интегритетот на носителите на функции и раководните лица;
- воспоставување функционален систем на јавни набавки;

За остварување на стратешкиот приоритет од член 1 став 1 алинеја 7 од оваа одлука, се утврдуваат следните цели:

- развивање квалитетно образование достапно за сите кое ќе создава кадар способен за потребите на пазарот на трудот, воспитан за почитување на граѓанските права, меѓусебната толеранци и развој на мултикултурализмот и интеркултурализмот;
- обезбедување на енергетска ефикасност на студентските домови и подобрување на студентскиот живот и стандард на младите;
- унапредување на човечкиот капитал, зголемување на инвестициите во науката, истражувањето и иновациите;
- унапредување на творештвото, еднаквоста и универзалното добро во културата;
- обезбедување на ефикасна заштита на културното наследство и негова промоција;
- стимулирање на креативниот уметнички потенцијал на сите граѓани независно од нивната етничка, верска, идеолошка, политичка, социјална, родова и старосна припадност;
- подобрување на квалитетот на младинската работа, развој на професионалниот спорт и спортско-рекреативните активности и
- унапредување на врските со дијаспората, чување и негување на културниот идентитет и поддршка на наставата на мајчин јазик.

За остварување на стратешкиот приоритет од член 1 став 1 алинеја 8 од оваа одлука, се утврдуваат следните цели:

- создавање стручна, професионална и департизирана администрација препознатлива по одговорно, отчетно и транспарентно работење;
- јакнење на раководната отчетност и правилно работење, засновано на принципи на еднаквост и недискриминација;
- делегирање на одговорноста, овластувањата, финансиските и други надлежности на компетентно ниво врз основа на однапред формализиран начин;
- унапредување на дигиталната трансформација при испораката на услугите за граѓаните и бизнисите;
- воспоставување на 5Г технологии и развој на NGA инфраструктура;
- надградба на единствениот комуникациско-информациски систем за итни случаи Е-112.

За остварување на стратешкиот приоритет од член 1 став 1 алинеја 9 од оваа одлука, се утврдуваат следните цели:

- обезбедување на координација и усогласување на работата на органите на државната управа, за спроведување на Охридскиот рамковен договор;
- унапредување на соодветната и правична застапеност во органите на државната управа и координацијата при изработката на годишните планови за вработување и
- афирмирање и примена на јазикот согласно Законот за употреба на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија на централно ниво и во единиците на локалната самоуправа.

Член 3

Средствата потребни за финансирање на стратешките приоритети од член 1 од оваа одлука, ќе се предвидат во Фискалната стратегија за периодот 2023-2025.

Член 4

Во рамките на буџетскиот процес за 2023 година, министерствата и другите органи на државната управа ги дефинираат програмите за остварување на стратешките приоритети и приоритетните цели од членовите 1 и 2 од оваа одлука, а средствата за нивно финансирање ќе ги вклучат во максималните износи на расходи за секој буџетски корисник одделно, утврдени со буџетскиот циркулар за 2023 година.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-4522/1
25 мај 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.